МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје, Тел. 55 11 798, Факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА НАБАВКА НА ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ

Македонската радио телевизија ги повикува сите продуцентски куќи и сите автори, поединци – граѓани на Република Македонија, со свои креативни идеи, програмски проекти и телевизиски содржини да аплицираат на повикот за копродукција на аудиовизуелни проекти или за откуп на аудиовизуелна програма.

Понудената програма треба да биде универзална и разновидна. Предлог-проектите треба да се различни по жанр, формат и да опфаќаат едукативни, детски, информативни, играни, документарни, забавни и спортски содржини.

Апликацијата треба да содржи пријава, опис на проектот, цели и задачи, краток синопсис, начин на реализација, начин на емитување, финансиска калкулација и податоци за правното или физичкото лице кое аплицира на Јавниот повик. Апликацијата со сите документи да се испрати во плик, со назнака: „Пријава по Јавен повик за набавка на програмски содржини“ на следната адреса:

бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје

или да се достави во Архивата на Македонската радио телевизија.

Јавниот конкурс се спроведува за промовирање и афирмирање на вредностите на нашето општество што ќе ги опфати сите сфери на живеење.

Се заблагодаруваме за покажаниот интерес и дадениот придонес во заедничкото креирање на програмската понуда на Македонската радио телевизија.

ЈРП Македонска радио телевизија